## Зошто „Алкалоид“?

Затоа што сме една од водечките фармацевтски компании во регионот, која постојано тежнее кон супериорен квалитет на производите, како и кон висока професионалност и континуиран успех. Постојано инвестираме во нашиот сон за поздрав живот на секој поединец затоа што веруваме дека **ЗДРАВЈЕТО Е ПРЕД СÈ!**




# ПРИКЛУЧЕТЕ СЕ КОН НАШИОТ ТИМ!

## Позиција: Специјалист
## Оддел: Човечки ресурси – Привлекување таленти

Доколку сакате да бидете дел од тимот на **Човечки ресурси** во модерна фармацевтска компанија која од секој аспект води грижа за своите вработени и доколку ги поседувате потребните квалификации, ПРИЈАВЕТЕ СЕ!

## Како ќе Ве препознаеме?

- Имате завршено високо образование.
- Имате најмалку 2-годишно работно искуство во процесот на привлекување таленти, во сите фази, од иницирање до креирање понуда.
- Поседувате способност за самостојно и паралелно водење повеќе селекциски процеси и за управување со различни регрутациски барања во сите фази и имате искуство во тоа.
- Пожелно е да имате претходно работно искуство во големи интернационални компании или во агенции за регрутација.
- Имате искуство во работата во софтвер за регрутација и за селекција (ATS) и имате одлично познавање на MS Office.
- Имате искуство во пребарување професионални мрежи и платформи за кариера.
- Имате познавање на стратегиите за регрутација, техниките за селекција и на стратегиите за компаниско брендирање.
- Поседувате вештини за поставување приоритет и за организирање и почитувате рокови.
- Имате развиени комуникациски и преговарачки вештини и способност за тимска работа.
- Манифестирате голема проактивност, самоиницијативност, агилност и критичко размислување.
- Имате одлично познавање на англискиот јазик.

## Цели и одговорности на работното место

- Самостојно ги води процесите на селекција во сите фази, од иницијација, предлагање стратегија за регрутација, огласување, организирање и водење интервјуа, па сè до предлагање понуди за вработување.
- Ја следи динамиката на реализирање на годишниот план за вработување за одделите и за позициите за коишто е задолжен.
- Активно работи во софтвер за регрутација и го ажурира со информации во сите фази на процесот на селекција.
- Редовно комуницира со менаџерите на одделите коишто се вклучени во процесите на селекција.
- Организира настап на саеми за кариера и други кариерни настани, со цел промовирање на кариерните можности во компанијата.
- Учествува во кампањи за промоција на програми за млади таленти и врши регрутација и селекција на практиканти и на ученици за дуално образование.
- Учествува во обработката на податоци за квартални, полугодишни и годишни извештаи за регрутација и за селекција, ја следи реализацијата на клучните показатели на успешност (KPI).
- Води излезни интервјуа, подготвува извештаи и анализи за нив и предлага акциски планови за задржување таленти.
- Учествува во креирање програми за добросостојба на вработените.
- Учествува во истражување на задоволството од процесите на селекција.
- Активно го следи пазарот на труд, иницира подобрување на процесот и воведување нови иновативни практики согласно со трендовите од областа на привлекување и на задржување таленти.

## Што нудиме?

- Можности за континуиран професионален и личен раст и развој.
- Конкурентни месечни приходи.
- Дополнителни награди и придобивки во зависност од остварените цели.
- Приватно здравствено осигурување.
- Бенефиции за вработените и за децата на вработените.

**АПЛИЦИРАЈТЕ** на следниот линк: https://career.alkaloid.com.mk/career_opportunities/details/109

*„Алкалоид“ АД Скопје застапува политика за недискриминација по ниту една основа и во согласност со своите клучни вредности ја промовира различноста во процесот на регрутација и на селекција.*

АЛКАЛОИД СКОПЈЕ

Здравјето пред сè